РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-124/18
07.02.2024 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр.3
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | факс +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 и 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16,2/17, 16/17, 11/18, „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22)), Секретарот на Општина Пробиштип донесе:

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат по пат на Интерен оглас бр.01/2024 пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на работното место УПР 0101Б04000 Раководител на Одделение за подршка на Градоначалникот се избира кандидатот **Марија Митева**.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 29.01.2024година е објавен Интерен оглас бр.01/2024 на веб страницата на Општина Пробиштип и веб страницата на Агенцијата за администрација за унапредување на административен службеник во Општина Пробиштип.

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник за работно место УПР 0101Б04000 Раководител на Одделение за подршка на Градоначалникот, формирана од Секретарот на Општина Пробиштип со Решение бр. 04-124/8 од 01.02.2024 година, во функција за спроведување на постапката за селекција за унапредување на административен службеник изготви Записник од административна селекција бр. 04-124/10 од 06.02.2024 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-124/11од 06.02.2024 и финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат бр.04-124/13 од 06.02.2024 год., ги достави до Секретарот на Општината.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати, за работно место Раководител на Одделение за подршка на Градоначалникот, Секретарот на Општина Пробиштип донесе одлука како во диспозитивот.

Врз основа на погоре изнесеното, Секретарот на Општина Пробиштип одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку општина Пробиштип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум (8) дена од денот на приемот на Одлуката.

Доставено до:
-Архива
-Адмистративен службеник

Општина Пробиштип
Секретар,
Билјана Ефтимова

Број: 04-124/18
Дата: 07.02.2024
Пробиштип

Република Северна Македонија
Општина Пробиштип
Пробиштип